# ВТОР УПИСЕН РОК ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## На УКИМ Факултет за драмски уметности - Скопје , во ВТОРИОТ уписен рок во учебната 2025/2026 година ќе се запишуваат студенти на студиската програма за :

1. **ПРОДУКЦИЈА (8 семестри) - вкупно 3 студенти со школарина, со надоместок од 400 EUR за една учебна година.**

## I. Услови и критериуми за запишување

Право на запишување на прв циклус академски студии, на академски студии од областа на уметностите и на прв циклус стручни студии имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура.

Во академската 2025/2026 година на прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите, право на запишување имаат и кандидати кои се стекнале со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година).

**Конкурсот е објавен на www.ukim.edu.mk и на www.fdu.ukim.edu.mk**

## II. Рокови за кандидатите кои се рангираат според успехот од средно образование и според проверка на знаења и умеења во ПРВИОТ уписен рок

| | **прв рок** |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **11 .9 и 12.9.2025** |
| Проеврка на знаења и умеења | **15.9.2025** |
| Објавување на прелиминарна ранг-листа со резултати од проверка на занењата и умеењата и успехот од средно образование | **18.9.2025** |
| Објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг-листа) | **22.9.2025** |
| Запишување на кандидатите | **23.9.2025** |

## III. Документи за пријавување и запишување

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтетресиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронкста пријава од IKNOW – системот.**

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во **пријавата (образец А1)** што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето на кандидатите ( поднесувањето на оригинал документите за конкурирање) се врши во службата за **студентската прашања на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на зададените термини за пријавување во период од 8 до 15 часот**.

**При пријавувањето за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:**

1. пријава за запишување(образец А1);
2. електронска пријава (генерирана од iKnow-системот) и сите изјави што ги дава самиот IKNOW систем ;
3. оригинални свидетелства од сите класови ;
4. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование) ;
5. извод од матичната книга на родените ( оригинал ) ;
6. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение) (оригинал) ;
7. 1 фотографија
8. потврда за уплата на :
   - Административната такса во износ од 50,00 денари (Образец ПП 50: Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка 100-0000000-630-95; Уплатна сметка 840-XXX-03161; Конто 722313 00)
   - 1500 денари на жиро-сметката на Факултетот за драмски уметности, за полагање на приемен испит


ЛОГО
НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГОДАВАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ -ЗАДОЛЖУВАЊЕ
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Уплата за полагање приемен испит
ПОТПИС
ПРИМАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ
УКиМ - Факултет за драмски уметност
БАНКА НА ПРИМАЧОТ
НБРСМ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095
ИЗНОС
МКД 1500,00
УПЛАТНА СМЕТКА
СМЕТКА НА КОРИСНИК
1600104324 788 13
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
723013 41
НАЧИН
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА
образец ПП50